РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-454/3
25-08-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на 73-та седница, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК) одржана на ден 18.08.2022 година, ја донесе следнава

**О д л у к а**

Постапката за утврдување состојба на судир на интереси заведена под бр. 09-3854/1 од 11.11.2020 година, врз основа на пријава од непознат пријавител против лицето ___________, претседател на Управниот _____на ________, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 11.11.2020 година, поднесена е пријава против лицето __________, претседател на Управниот _________ на ________, по што оформен е предмет со број 09-3854/1 од 11.11.2020 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на злоупотреба на службената положба и непотизам на лицето _________ бидејќи како ________ и претседател на Управниот _______ на _______ поставен е за член на Комисија за избори на _______, а од друга страна е во роднинска врска односно блиско лице со лицето __________ кој е избран за потпретседател, а покасно и за претседател на ___________.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај и потврдување на наводите од пријавата, ДКСК побара податоци и документација од службеното лице ___________.

При повторно разгледување на содржината на пријавата, како и на доставените информации до Државната комисија од страна на службеното лицето ____________, ДКСК утврди дека истиот со лицето ________ не се блиски лица, согласно член 8 алинеја 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Исто така, службеното лице ___________ во периодот од кога е избран да ја извршува функцијата претседател на Управниот ________ на _______, ниту бил, ниту е член на некој од органите/телата на ______.

Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на 18.08.2022 година, констатира дека постапката по предметот со број 09-3854/1 од 11.11.2021 година ќе се запре бидејќи наводите во пријавата не се потврдуваат, поради што Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: Б.Ц - советник
Контролирал: К.З. - раководител
Одобрил: Н.Б – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk